Летниот одмор на учениците започнува на 11 јуни 2027 година и завршува на 31 август 2027 година.
За учениците од 4 година кои ќе полагаат државна матура или училишна матура во јунскиот испитен рок, во времето од 18 мај до 28 мај 2027 година организираат подготвителна настава, консултации и други форми на помош за учениците кои треба да полагаат поправни испити, испит на годината и дополнителни испити. Полагањето на поправните испити, испитите на годината и дополнителните испити во јунската испитна сесија ќе биде организирано во времето од1 јуни до 4 јуни 2027 година. За учениците од 4 година кои ќе полагаат државна матура или училишна матура во августовскиот испитен рок се организира подготвителна настава, консултаци и и други форми на помош за учениците кои треба да полагаат поправни испити, се организираат подготвителна настава, консултации и други форми на

помош за учениците од 15 јуни до 22 јуни 2027 година. Полагањето на поправните испити, испитите на годината и дополнителните испити ќе биде организирано во времето од 23 јуни до 25 јуни 2027 година.
Во времето од 15 јуни до 22 јуни 2027 година и од 11 август до 16 август 2027 година за учениците од прва, втора и трета година се организираат подготвителна настава, консултации и други форми на помош за учениците кои треба да полагаат поправни испити, испит на годината, дополнителни испити и испити за побрзо напредување.
Екстерните испити од државната матура во јунскиот испитен рок се спроведуваат во следниве термини:
- македонски јазик и литература, албански јазик и литература на 11 јуни 2027 година со почеток во 9 часот;
- англиски јазик, француски јазик, германски јазик, руски јазик и математика на 29 мај 2027 година, со почеток во 9часот.
За учениците кои во јунскиот испитен рок не положиле дел или сите испити од државната матура или од оправдани причини не полагале државна матура или дел од државната матура во јунскиот испитен рок, се организира августовскиот испитен рок во следните термини:
- македонски јазик и литература, албански јазик и литература на 13 август 2027 година со почеток во 9 часот;
- -англиски јазик, француски јазик, германски јазик, руски јазик и математика на 11 август 2027 година, со почеток во 9часот.
Интерните испити од изборниот дел на државната матура се спроведуваат во термини утврдени од училишната матурска комисија и тоа:
- војунскиот испитен рок во периодот од 17 јуни до 25 јуни 2027 годинаи
- во августовскиот испитен рок во периодот од 16 август до 24 август 2027 година.
Презентацијата и одбраната на проектната задача за учениците од гимназиско образование во јунскоит испитен рок се реализира во периодот од 1 април до 11 мај 2027 година и во августовскиот испитен рок од 16 август до 24 август 2027 година.
Училишната матура во јунскиот испитен рок:
- задолжителен дел (македонски јазик и литература, албански јазик и литература) на 15 јуни 2027 година со почеток во 9 часот.
Во августовскиот испитен рок:
- задолжителен дел (македонски јазик и литература, албански јазик и литература,) на 16 август 2027 година со почеток во 9 часот.
Испитот од изборниот дел на училишната матура и проектната задача се спроведуваат во термини утврдени од училишната матурска комисија и тоа:
- во јунскиот испитен рок во периодот од 17 јуни до 25 јуни 2027 година и
- во августовскиот испитен рок во периодот од 16 август до 24 август 2027 година.
Презентацијата и одбраната на проектната задача за учениците од гимназиско образование во јунскоит испитен рок се реализира во периодот од 1 април до 11 мај 2027 година и во августовскиот испитен рок од 16 август до 24 август 2027 година.
Воспитно-образовната работа за учениците се организира во текот на целата работна недела. Во текот на наставната година во 4 година се остваруваат најмалку 163 наставни денови, а за сите останати години на образование се остваруваат најмалку 180 наставни денови. На 22 декември, денот на училиштето се организираат културни, спортски и други манифестации. Традиционалниот ден на просветата за припадниците на заедниците кои следат настава на јазик различен од македонскиот јазик се одбележува со организирање на културни и други манифестации. Работните денови кога се изведуваат ученичките екскурзии и денот на училиштето се наставни денови кога се изведуваат посебни програми. За учениците коишто не ги посетуваат ученичките екскурзии, училиштето организира редовна настава согласно распоредот на наставни часови.

Државни празници за сите граѓани на РСМ: 8 Септември (вторник), Ден на независноста на РСМ, 11 Октомври (недела), Ден на народното востание неработен ден 12 октомври (понеделник), 23 Октомври (петок), Ден на македонската револуционерна борба, 8 Декември (вторник) „Св.Климент Охридски“, 9 март (вторник), Рамазан Бајрам,3 мај (понеделник), Втор ден на Велигден, 1Мај (сабота), Ден на трудот и 24 Мај (понеделник), Св.Кирил и Методиј“.

Празници за граѓаните од православна вероисповест:30 април (петок), Велики Петок, петок пред Велигден, 18 јуни (петок), Духовден.
Празници за граѓаните од муслиманската вероисповест: 16 мај (недела) Курбан Бајрам.
Празник за граѓаните на албанската заедница: 22 ноември (недела), Ден на албанската азбука.
Промени во календарот за работа ќе има само со препораки и донесени одлуки на МОН.

8.2. Поделба на класно раководство, поделба на часовите на наставниот кадар, распоред на часовите

Ред. бр.	Име и презиме на наставникот	Наставен предмет	Стручна подготовка	Класен раководител	Вкупен фонд на часови неделно	Паралелки во кои реализира настава	Забелешки
1.	Александра Стојановска	Македонски јазик и литература	Дипломиран проф. македонски јазик	1-1 клас	23 часа	1-1,1-2,1-3,1-4,4-2	2ч. училиштен театар
2.	Весна Павлова	Македонски јазик и литература	Дипломиран проф. македонски јазик	2-2 клас	22 часа	2-1,2-2,3-1,3-2	5ч. библиотека
3.	Цветанка Карамаркова	Македонски јазик и литература	Дипломиран проф. македонски јазик	2-4 клас	23 часа	2-3,2-4,3-3	10ч. кариерен советник
4.	Магдалена Сарагинова	Македонски јазик и литература	Дипломиран проф. македонски јазик	4-1 клас	23 часа	4-1,4-3,4-4	10ч. кариерен советник
5.	Соња Карбаева	Македонски јазик и литература Општествено корисна работа	Дипломиран проф. македонски јазик		22 часа	1-5,2-5,3-4,4-5 2-1,2-2,2-3,2-4,2-5	6 ч. Библиотека 3 ч. Д. Чуповски
6.	Соња Трајчева	Англиски јазик	Дипломиран проф. англиски јазик	2-1 клас	22 часа	1-2 1-3,1-4,2-1, 2-2,2-3,2-4,	
7.	Христина Леова	Англиски јазик	Дипломиран проф. англиски јазик	3-3 клас	23 часа	3-2,3-3,4-1,4-2, 4-3, 4-4,	2 проектни активности странски јазик-англиски

8.	Благица А. Шопов	Англиски јазик	Дипломиран проф. англиски јазик	1-5 клас	21 час	1-1,1-5,2-5,3-1, 3-4,4-5,	2 проектни активности странски јазик-англиски
9.	Жанет Ј.Сарагиновски	Германски јазик	Дипломиран проф. германски јазик		24 часа	1-1 и 1-2,1-3,1-4, 2-1,2-2,2-3,2-4,3-1 и 3-2,3-3, 4-1,4-2,4-3,	
10.	Билјана Миланова	Француски јазик	Дипломиран проф. француски јазик	4-4 клас	23 часа	1-1 и 1-2,1-3,1-5 2-1,2-2,2-4,2-5, 3-1 и 3-2,3-4,4-4,4-5	
11.	Линдита Маликова	Албанск јазик и литература Слободни изборни предмети Вештачка интелегенција и Социјални иновации	Дипломиран проф. албански јазик	4-5 клас	21 час	1-5,2-5,3-4,4-5 1п.1-5, 2п.2-5, 1п.2-5, 2п.1-5,	
12.	Лилјана С. Темовска	Латински јазик Општествено корисна работа	Дипломиран проф. латински јазик		20 часа	3 година ОХА 1 група, = 2 ч ПМБ 1 група= 2 ч 1-1,1-2,1-3,1-4,1-5	. 3ч. Библиотека 6 ч. Изборни и 2ч. Библиотека во Панко Брашнар
13.	Марија Гајдова	Математика, Алгебра, Математичка анализа	Дипломиран проф. математика		20 часа	4-1,4-2,4-3,4-4,4-5 3 година ПМА 1 група = 2 ч 4 година ПМА 1 група=3 часа	3 проектни активности Математика
14.	Снежана Арсеновска	Математика, Математичка анализа	Дипломиран проф. математика	3-2 клас	21 час	2-1,2-2,3-1,3-2,3-3, 4 година ПМА 1 група =3 часа	2 проектни активности Математика
15.	Мариче Колева	Математика и линеарна алгебра	Дипломиран проф. математика		20 часа	1-1,1-2,1-3,1-4, 2-3, 2-4, 3 година ПМА 1 група =2 часа	
16.	Гордана Саздова	Информатика Програмски јазици	Дипломиран инж. по информатика		22 часа	1-1,1-2,1-3,1-4,1-5 2-1,2-2,2-3,2-4,2-5 1 група ПМБ 2 ч.	

17.		Програмски јазици			8 часа	3 год 1 група ПМА 2 часа и 4 год 2 групи 6 часа	
18.	Елизабета Николовска	Биологија Слободен изборен предмет Сексуално образование	Дипломиран инж. биотехничар		21 час	1-1,1-2,1-3,1-4, 2-1,2-2,2-3,2-4 ПМБ 4 год. 1 група= 3 часа 1п.2-2 2п.2-1	
19.	Силвана Печкова	Биологија	Дипломиран инж. биотехничар		12 часа	1-5,2-5,3-1,3-2, 3-3,3-4,	
20.	Марјан Стојановски	Хемија	Дипломиран проф.хемија	4-2 клас	22 часа	2-1,2-2,2-3,2-4 ПМБ 4 година 1 група =3 часа	10 часа помошник директор
21.	Петранка Стојанова	Хемија Слободен изборен предмет Вештачка интелегенција	Дипломиран проф.хемија	1-4 клас	22 часа	1-1,1-2,1-3,1-4 3-1,3-2,3-3, 1п.2 групи 1 год., 2п.2 групи 1 год.,	3 часа Есару
22.	Драгана Тевчева	Физика Слободни изборни предмети Ненасилна комуникација и Социјални иновации	Дипломиран проф.физика	3-1 клас	21 час	2-1,2-2,2-3,2-4,3-1, 3-2,3-3 1п.1група 1 год., 2-4, 2п. 1 група 1 год.2-3 1п.1 група 1 год., 2п.1 група 1 год.	
23.	Валентина Николиќ	Физика	Дипломиран проф.физика		23 часа	1-1,1-2,1-3,1-4,1-5, 2-5,3-4, ПМБ 1 група 4 година =3 часа ПМА 4 година 2 групи=6 ч.	
24.	Славица Спасевска	Географија Слободен изборен предмет Социјални иновации	Дипломиран проф.географија		20 часа	1-1,1-2,1-3,1-4, ,2-1,2-2,2-3,2-4, 3 год ПМБ =2 часа 1п.2-3 2п. 2-2	
25.	Сашко Николовски	Историја	Дипломиран проф.историја	1-3 клас	21 час	1-1,1-2,1-3,1-4,2-2, 2-3, 2-4,3-1,3-2,3-3,	

26.	Валентина Р Арсовска	Историја Слободен изборен предмет Ненасилна комуникација и Социјални иновации	Дипломиран проф.историја		20 часа	2-1,ОХА 2 групи 4 год. =4 ч. ОХБ 2 групи 4 год. =4 ч 1п.2-1, 2п.2-4	6 библиотека 4ч Спортска А.
27.	Пале Трпкова	Филозофија, Социлогија, Вовед во правото, Етика	Дипломиран проф. филозофија	4-3 клас	22 часа	4-1,4-2,4-3,4-4,4-5 2 часа ОХА 1 група 3 год 2 часа ОХБ 1 група 3 година 2 часа ОХБ 1 група 3 година	
28.	Бошко Караџов	Филозофија, Социологија, Педагогија, Психологија	Дипломиран проф. филозофија		22 часа	2 групи ОХБ 4 година 4 ч. 2-2, 2-3 ОХБ 2 групи =6 часа 4 часа 2 групи ОХА 4 год 1 група ОХБ 3 год=2 ч. 1 група ЈУБ 3 год= 4 ч.	
29.	Радмила Ивчева	Социологија, Логика	Дипломиран проф. филозофија		21 час	2-1, ,2-4, 2-5, ОХА 1 гр. 3 год =2ч. ОХА 4 година 2 групи=4 часа	9 ч. Ј.Тесличков
30.	Тања Чипевска	Бизнис и претприемништво, Економија, Менаџмент	Дипломиран проф. економија	2-3 клас	21 час	ОХА 2 групи-4 година = 6 часа 4-1,4-2,4-3,4-4,4-5 ОХА 2 групи 4 год. = 4 часа	
31.	Зоран Јованов	Спорт и спортски активности	Дипломиран проф. Физичка култура	1-2 клас	22 часа	1-1,1-2,1-3,1-4, 3-1,3-2	5 проектни активности Спортски проектни а. 2 часа спортски клуб
32.	Методија Костов (замена за директор)	Спорт и спортски активности	Дипломиран проф. Физичка култура		20 часа	2-1,3-3,3-4,4-1, 4-2,4-3,4-4,	
33.	Мартин Димов	Спорт и спортски активности	Дипломиран проф. Физичка култура		13 часа	1-5, 2-2, 2-3,2-4,2-5 4-5,	
34.	Јулијана Михова	Ликовна уметност	Дипломиран проф. Ликовна уметност	3-4 клас	23 часа	1-1,1-2,1-3,1-4,1-5, 2-1,2-2,2-3,2-4,2-5, ЈУБ 3 год 2 часа	3 проектни Ликовна уметност 2 ч. ликовен клуб

35.	Атанас Зафиров	Музичка уметност	Дипломиран проф. Музичка уметност	2-5 клас	23 часа	1-1,1-2,1-3,1-4,1-5, 2-1,2-2,2-3,2-4,2-5, ЈУБ 3 год 2 часа	1 проектна музичка у. 2 ч. хор 2 ч. оркестар
36.		Математика на албански наставен јазик			12 часа	1-4,2-5,3-5,4-5	Во постапка за доп. работно време
37.	Бесник Рамети	историја на албански наставен јазик	Дипломран проф. историја		6 часа	1-4,2-5,3-5	Во постапка за доп. работно време
38.	Бесим Кадрии	хемија на албански наставен јазик	Дипломран проф. хемија		6 часа	1-4,2-5,3-5	Во постапка за доп. работно време

8.3. Работа во смени

Наставата се изведува во 2 смени заради заедничко користење на училишната зграда со ССОУ „Димитрија Чуповски”.
Прва смена, започнува во 7.15 часот а завршува во 13.15 часот.
Втора смена, започнува во 13.30 часот а завршува во 19.30 часот.

8.4. Јазик /јазици на кој/и се изведува наставата

	Македонски јазик	**Албански јазик**	**Турски јазик**	**Српски јазик**
Број на паралелки	15	4		
Број на ученици	304	110		
Број на наставници	33	21		

8.5.*** Практично образование (учење преку работа кај работодавач и феријална практика)
-се однесува за стручните училишта.

8.6 Уметнички вежби, продукции и настани****
-се однесува за уметничкото оообразование.

*** Се однесува на средно училиште во кое што се реализира стручно образование и за средно државно учили ште-регионален центар за стручно образование и обука

**** Се однесува на средно училиште во кое што се реализира уметничко образование

8.7. Странски јазици што се изучуваат во средното училиште

Ред. бр.	Странски јазик	Број на паралелки	Број на ученици	Забелешки
1.	Англиски јазик	19	414	Прв странски јазик
2.	Германски јазик	12	231	Втор странски јазик
3.	Француски јазик	11	183	Втор странски јазик

8.8. Изборна настава

Со новата Концепција за гимназиско образование изборните предмети се заменети со слободни изборни предмети.

8.9. Слободни изборни предмети/Содржини програмирани од училиштето

Во согласност со новата концепција за гимназиско образование од оваа учебна година учениците од прва и втора година од нашето училиште по пат на анкети направија избор на слободните изборни предмети кои сакаат да ги изучуваат во тековната година.
Во следната табела е прикажан изборот на слободните изборни предмети за учебната 2026/2027 година за учениците од прва и втора година.

Ред. бр.	Година	Број на ученици	Изборен предмет	Име и презиме на наставникот	Начин на избор
1.	прва	53	Ненасилна комуникација и разрешување на конфликти	Драгана Тевчева	анкети
		95	Социјални иновации	Драгана Тевчева Линдита Маликова	
		84	Вештачка интелегенција	Петранка Стојанова Линдита Маликова	
2.	втора	61	Ненасилна комуникација и разрешување на конфликти	Драгана Тевчева Валентина Р. Арсовска	анкети
		93	Социјални иновации	Драгана Тевчева Славица Спасевска Линдита Маликова	
		39	Сексуално образование	Елизабета Николовска	
		21	Вештачка интелегенција	Линдита Маликова	

Афинитетот за проширување на своите знаења, умеења и способности, учениците од трета и четврта година имаат можност да ги остварат преку реализација на проектните активности. Со менторска поддршка на наставникот учениците се поучуваат и оспособуваат за самостојна и тимска работа. Учениците избираат по 2 проектни активности и ги реализираат во текот на учебната година. Активностите кои се реализираат во училштето се организираат според изготвен распоред од страна на наставникот ментор, во согласност со распоредот на часовите. Во текот на оваа учебна година учениците ги избраа следниве проектни активности:
Математика, Спорт и спортски активности, Ликовна уметност, Музичка уметност и Странски јазик-англиски јазик,

8.10. Дополнителна настава

Дополнителната настава овозможува помош и поддршка на учениците за полесно совладување на наставната содржина. Дополнителната настава ќе се реализира со учениците кои се соочиле со потешкотии при совладувањето на содржините предвидени во Наставниот план и програма.Таа подразбира индивидуална работа, работа во парови, како и тимска работа. Содржината, методите и средствата кои ќе се користат при дополнителната настава се во потполност индивидуализирани и ќе се прилагодуваат на потребите на учениците. Согласно Законот за средно образование, до 20 септември ќе биде изготвен распоред за реализација на дополнителната настава, кој ќе стане составен дел на прилозите на оваа Годишна програма.

8.11. Додатна настава

Додатната настава ќеобезбеди континуирана работа со надарените и талентирани ученици. Со овој тип настава ќе се поттикнуваат креативноста и способностите на ученицитеза творечко истражување. Наставниците ментори изготвуваат и реализираат посебна програма наменета за учениците кои покажуваат особен интерес за одредени наставни содржини од сите четири години на гимназиско образование. Согласно Законот за средно образование, до 20 септември ќе биде изготвен распоред за реализација на додатната настава, кој ќе стане составен дел на на прилозите на оваа Годишна програма.

8.12. Работа со надарени и талентирани ученици

Училишниот инклузивен тим континуирано ги следи надарените и талентирани ученици кои имаат развиено една или повеќе способности на ниво кое ги надминува способностите на нивните врсници. Надареноста се однесува на високи постигнувања во областа на природните науки, математика, општествени науки, јазици и информатика, додека пак талентираноста се однесува на постигнувања во областа на уметноста, ликовното изразување, музика, балет, дизајн и спорт**.**

Во согласност со подготвената програмата за учебната 2026/2027 со оваа група на ученици ќе се реализираат следниве планирани активности:

Реден број	Активности	Носители	Време на реализација
1.	*Идентификација и откривање на ученици кои покажуваат повеќе афинитети по одредена област во однос на нивните врсници; *Собирање и организирање на надарени и талентирани ученици во група и запознавање со начинот на работа во овој домен;	Наставници Ученици	Септември Октомври

2.	*Практична реализација на работата со оваа група ученици, како групно така и индивидуално со посебен пристап(литература, користење на кабинети, посета на институции, работни организации,саеми, смотри и сл.)	Наставници Ученици	Ноември Декември
3.	*Насочување на учениците во користење на стручна литература и начин на доаѓање до неа; *Соработка на учениците во групата и подготовка за натпревари;	Наставници Ученици	Јануари Февруари
4.	*Посета на семинари, трибини, советување како и посета на групи на надарени и талентирани ученици од другчи училишта- размена и споделување на искуства *Интензивна подготовка за учество на натпревари-самостојна работа во консултација со ментор;	Наставници Ученици	Март Април
5.	*Следења на покажаните знаења во и вон групата и анализа на напредување на секој поединец во однос на таа наставна област- колку напредувал во областа за која е награден; *Сумирање на резултати –поединечно и групно на ниво на училиште; *Организирање иучество во летни школи , семинари што опфаќаат ученици кои се надарени и талентирани во одредена област;	Наставници Ученици	Мај Јуни

8.13. Работа со ученици со посебни образовни потреби

Училишниот инклузивен тим е двигател на инклузивното образование во училиштето. Тимот ги зема во предвид различните индивидуални потреби за развој на учениците, давајќи еднакви можности за остварување на основните човекови права за развој и квалитетно образование.Училишниот инклузивен тим се грижи за креирање на инклузивниот процес во училиштето каде непосредно ги следи и поддржува учениците со посебни образовни потреби. Под терминот „ученици со посебни образовни потреби“ влегуваат следниве групи на ученици: ученици со долготрајна телесна, сетилна, интелектуална и психосоцијална попреченост, на кои интеракцијата со различните општествени бариери им го оневозможува нивното целосно и ефективно учество во општеството на еднаква основа со другите, ученици со нарушување во однесувањето или емоционални проблеми, ученици кои потекнуваат од социо- економски, културни или јазично ранливи средини и талентирани и надарени ученици.

Во согласност со одредбите од Законот за средно образование на Р.С.Македонија, Училишниот инклузивен тим при СОУ „ Гимназија Кочо Рацин“, во состав (Директор Илија Попов, Психолог Анита Смилевска, Педагог Марија Стојановска, Специјален едукатор и рехабилитатор Ленче Перчинковска, кариерен советник Магдалена Сарагинова, наставник Марија Гајдова, двајца родители/старатели Василка Панова и Маја Демерџиева и претставник од ученичкиот совет) изготви програма во која ќе ги применува, следи и поддржува следниве сегменти од инклузивното образование во училиштето:

- ❖ Правичност и гаранција дека сите ученици имаат пристап до непоходна поддршка, за да го остварат својот потенцијал за учење и развој;
- ❖ Организирање на воспитно – образовниот процес по мерка на ученикот согласно неговиот потенцијал, потреби и интереси;
- ❖ Флексибилно организирање на наставната програма, училишниот простор и време, за да се овозможи воспитно – образовен процес преку примена на соодветни наставни методи и стратегии кои ќе одговорат на специфичностите и стиловите на учење на секој ученик со посебни образовни потреби;
- ❖ Поддршка на наставниот кадар кој е непосредно вклучен во инклузивното образование (интерни обуки, работилници и консултативни средби во училиштето);
- ❖ Вклученост и информираност на родителите/старателите за сите аспекти од воспитно-образовниот процес на нивното дете;
- ❖ Промовирање на инклузијата и подобрување на инклузивната клима во училиштето;
- ❖ Соработка со регионалното Државно училиште со ресурсен центар и Центарот за поддршка во учењето во општината;
- ❖ Поддршка при образовната асистенција за учениците со попреченост кои имаат препорака од системот за проценка на лицата со попреченост кои наставата ја следат по индивидуален образовен план или модифицирана програма;
- ❖ Примена на афирмативни мерки за учениците со посебни образовни потреби кои произлегуваат од Законот за средно образование на Р.С.Македонија;

8.14. План на образовниот медијатор

Во нашето училиште нема потреба од дополнително ангажирање на образовен медијатор исто така и план за истиот.

8.15. План на координаторот за практично образование

Во нашето училиште не се реализира практично образование.

8.16. План на образовниот асистент

Во нашето училиште немаме назначено образовни асистенти.

8.17. План на кариерниот советник и тимот за кариерно советување

Ред. бр.	Активност	Време на реализација	Одговорно лице	Очекувани резултат
1.	Запознавање со кариерно советување - Презентација: „Што е кариерно советување?“ - Групна дискусија: поимот „кариера“	Септември	Кариерни советници: Магдалена Сарагинова и Цветанка Карамаркова	Учениците разбираат што претставува кариерното советување и зошто е важно.
2.	Анкета за интереси - Индивидуално пополнување на анкетата „Моите интереси и хобија“ - Наставникот прави прва анализа на резултати	Септември	Кариерни советници	Се добива првична слика за интересите на учениците.

3.	Самопознавање (прв чекор) - Работен лист: „Моите интереси и идни цели“ - Кратки индивидуални разговори	Септември	Кариерни советници	Учениците почнуваат процес на самоистражување и поставување лични цели.
4.	Силни страни и вредности - Работен лист: „Моите силни страни и вредности“ - Групна активност: опишување врсници со позитивни особини	Октомври	Кариерни советници	Учениците идентификуваат свои силни страни и вредности кои влијаат на идниот избор на професија.
5.	Личност и професии - Краток прашалник за личност (MBTI –Индикатор на психолошки типови според Мајерс – Бригс или едноставна верзија) - Дискусија: кои професии одговараат на секој тип личност	Октомври	Кариерни советници	Учениците прават врска меѓу личност и професионални насоки.
6.	Запознавање со професии - Групна работа: истражување на професии по области - Презентации од учениците	Ноември	Кариерни советници	Учениците добиваат поширока слика за професиите и нивните барања.
7.	Разговор со професионалци - Поканет гостин-говорник, родители - професионалци во својата област, - Прашања и одговори	Ноември	Кариерни советници	Учениците учат од реални искуства и поставуваат прашања.
8.	Образовни патеки - Презентација: видови средно и високо образование - Водич за наставни програми и квалификации	Декември	Кариерни советници	Учениците се информираат за можните насоки на образование.
9.	Поврзување со иднина - Пополнување табела за споредба на професии - Индивидуални цели	Декември	Кариерни советници	Учениците поставуваат лични и реални цели.
10.	Планирање кариерни цели - Работен лист: „Краткорочни и долгорочни цели“ - Индивидуални консултации	Јануари	Кариерни советници	Учениците поставуваат SMART цели.
11.	Вештини за самопрезентација - Пишување CV - Вежби за претставување пред група	Февруари	Кариерни советници	Учениците учат како да се претстават на интервју или пред публика.

12.	Комуникација и тимска работа - Игри на улоги - Дискусија: што значи успешен тим	Март	Кариерни советници	Учениците развиваат комуникациски и соработувачки вештини.
13.	Пазар на труд и можности - Презентација: - „Професии на иднината“ - Истражување на побарувани професии	Април	Кариерни советници	Учениците учат кои професии се најбарани и какви вештини ќе им требаат.
14.	Подготовка за транзиција; - Симулирано интервју за работа „Ден на кариера“ – во склоп на Отворениот ден на училиштето - Повратна врска од наставник (психолошка поддршка)	Мај	Кариерни советници	Учениците се подготвуваат за реални интервјуа.
15.	Евалуација и план за понатаму - Повторна анкета за интереси - Индивидуален план за следна година	Јуни	Кариерни советници	Учениците имаат јасен план и свесност за сопствениот развој

9. Воннаставни активности

9.1. Училиштни спортски клубови

- Училиштниот спортски клуб УСК „ВЕЛЕШКА ГИМНАЗИЈА“ е основан на 20.11.2014 година. Основачи се Зоран Јованов, Илија Попов, Петре Петрушевски, Славчо Давитковски и Сашко Андреевски.
- Актуелен претседател на клубот е Зоран Јованов, одговорни наставници се Мартин Димов, Методија Костов.
- УСК ВЕЛЕШКА ГИМНАЗИЈА од областа на спортот е формирано за остварување на заеднички јавен интерес за организирано бавење со спорт и спортски активности на учениците во средното училиште СОУ ”Гимназија Кочо Рацин” - Велес. Како посебни цели и задачи на УСК ВЕЛЕШКА ГИМНАЗИЈА се утврдуваат :
  - Поттикнување и развој на спортот и спортско рекреативните активности во училиштето,
  - Развивање и усовршување на системот на натпревари на училишните екипи,
  - Води грижа за одржување при користење на објектите за спорт ,
  - Се грижи за здравствената заштита на спортистите - членови на клубот,
  - Го стимулира развојот на секциите и спортски школи во рамките на клубот,
  - Стручно усовршување на своето членство,
  - Покренува иницијативи за уредување на одделни прашања од делокругот на својата работа преку правила, прописи, договори и сл.,
  - Соработува со другите спортски организации, секции и клубови,
  - Пропаганда и афирмација на спортот во училиштето, општината и пошироко.
  - Претежна дејност на УСК ВЕЛЕШКА ГИМНАЗИЈА во централниот регистар е 93.12 односно дејности на спортски клубови.

  Конкретизиран план на активности:

Во рамките на спортските проектни активности во месеците Септември и/или Октомври, организација и реализација на дводневна планинарска тура Велес – с.Ореше - манастир

Св.Ѓорѓија – орешки водопади - Велес, со учество на 50тина ученици. Во текот на учебната година ќе се реализираат и неколку еднодневни и дводневни планинарски тури: Велес - с.Папрадиште - планинарски дом Чеплес - место викано Бабина Дупка и обратно, планинарска тура искачување на Водно, како и лесни хикинг тури: искачување до врвови на околни ридови Вршник и Св. Илија, обиколка на езеро Младост. Времето на реализација ќе зависи од временските услови, а учесници ќе бидат учениците кои избрале спортски проектни активности, како и сите останати заинтересирани ученици и колеги.
Организација и реализација на Европскиот ден на спортот во училиштата, со активности на отворено, во заедничка координација со преку 40 земји во Европа и светот, во последниот петок од месец Септември и учество на 100 ученици.
УСК Велешка Гимназија е во улога на организатор, реализатор и учесник на повеќе натпреварувања од календарот на Федерацијата на Училишен Спорт. Во месеците Октомври и Ноември ќе се реализираат општинските натпревари во екипните и поединечните спортови со учество на 110 ученици во машка и женска конкуренција. Во зависност од постигнатите резултати учениците во месец Декември ќе продолжат на зонските, односно во месеците Март и Април на регионалните натпреварувања, како и државните натпревари кои ќе се одржат во месец Мај.
Во рамките на меѓукласните натпревари, УСК ќе организира и реализира турнири во меѓукласни натпревари во футсал – 16 натпревари (времетраење: 9 и 10 месец), одбојка – 18 натпревари (времетраење: 2 и 3 месец), баскет 3х3 - 14 натпревари (5 месец) со учество на 250 ученици.
Ќе се организира и реализира турнир во пинг понг по повод светскиот ден на спортот 6 април со учество на 60 учесници.
Ќе се организираат и реализираат натпревари во одбојка и зумба/фитнес активности со деветодделенците од основните училишта во градот по повод патрониот празник на гимназијата во месец Декември.
Исто така за промоција и претставување на активот по спорт, односно училиштето пред деветодделенците ќе организира и реализира отворен пилатес и фитнес час со учество на 20 ученици гимназијалци и 50 ученици од основните училишта во општината во месеците Април и Мај. Сите погоре наведени активности ќе им се понудат на учениците бесплатно, освен активностите каде се потребни финансиски средства за превоз и ноќевање/ња, за кои родителите ќе се информираат на првата родителска средба на почетокот на учебната година.
Наставниците по спорт заедно со директорот на училиштето се одговорни за следењето на реализацијата на предвидените активности во текот на целата учебна година.
Евалуацијата на предвидените активности и спортски содржини ќе се изведе на начин што на крајот на учебната година, во месец Јуни, учениците ќе се анкетираат за начинот и текот на реализацијата на активностите, при што резултатите од анкетата ќе се користат при составувањето на програмата за наредната учебна година.

9.2. Ученички акции и волонтерство

Училиштето никогаш не би можело да се издигне на ниво на вистински дом доколку не би имало соработка меѓу сите фактори вклучени во него. За таа цел во нашето училиште се организираат многубројни активности и за секоја од нив се одржуваат заеднички состаноци каде се предлагаат комисии, односно тимови за реализација на одредени акции и давање идеи и предлози за подобрување на комуницискатa соработка на сите структури во училиштето. Училиштето ќе организира и реализира голем број на еколошки акции, хуманитарни активности и голем број на работилници на кои ќе бидат вклучени поголем број на ученици, наставници и родители.

9.3 Драмски, музички, ликовни и други настани

– Видови настани и активности што се организираат во училиштето

- **Месец септември**
  - Одбележување на Европскиот ден на јазиците, мулти-уметничка програма
    Цели на настанот – запознавање на учениците со европските јазици, развивање таленти, едукација, социјализација, поддршка на интересите на учениците.
- **Месец октомври**
  - Одебележување на годишнината од смртта на Тоше Проески, мулти-уметнички перфоманс
  - Одбележување на месецот на книгата, мулти-уметничка програма
    Цели на настанот – зачувување на споменот за Тоше Проески како голем уметник и хуманитарец, развивање таленти, едукација, социјализација, поддршка на интересите на учениците.
    Цели на настанот – поттикнување на желбата за читање и позитивен однос кон книгата.

- **Месец ноември**
  - Одбележување на 59. Детски Рацинови средби, мулти-уметничка програма
  - Одбележување на 86 годишнината од излегувањето од печат на стихозбирката „Бели мугри“ од Кочо Рацин
  - Одбележување на меѓународниот ден на наставникот по француски јазик, мулти-уметнички перфоманс
  - Одбележување на денот на албанската азбука
    Цели на настанот – зачувување на споменот за поетот Кочо Рацин и неговото значење за современата македонска литееаура, развивање таленти, едукација, социјализација, поддршка на интересите на учениците.
    Цели на настанот
    – запознавање на учениците со францускиот јазик и француската култура;
    – запознавање на учениците со албанската азбука и албанскиот јазик,
    развивање таленти, едукација, социјализација, поддршка на интересите на учениците.
- **Месец декември**
  - Хуманитарен базар по повод одбележувањето на Денот на лицата со попреченост - ликовен настан
  - Подготовка и изведба на театарска претстава по повод Патрониот празник на училиштето
  - Божиќна програма - мулти-уметничка програма
    Цели на настанот – развивање таленти, едукација, социјализација, поддршка на интересите на учениците.

- **Месец февруари**
  - Одбележување на денот на вљубените, мулти-уметничка програма
    Цели на настанот – развивање таленти, едукација, социјализација, поддршка на интересите на учениците.

- **Месец март**
  - Одбележување на Денот на жената, мулти-уметничка програма
  - Одбележување на Светскиот ден на франкофонијата со кино проекција
  - Одбележување на Денот на албанскиот наставник
  - Одбележување на годишнината од Штрајкот на велешките Гимназијалци, мулти-уметничка програма
    Цели на настанот – подигнување на свеста за значењето и улогата на жената во оптеството.
    - Запознавање на учениците со францускиот јазик и француската култура.
    - Запознавање на учениците со албанската азбука и албанскиот јазик,

    развивање таленти, едукација, социјализација, поддршка на интересите на учениците.

- **Месец април**
  - Одбележување на денот на солунските атентати
  - Велигденски базар – ликовен настан
    Цели на настанот – одбележување на значајни настани од македонската историја, зачувување на традицијата при празнување на најголемиот христијански празник, развивање таленти, едукација, социјализација, поддршка на интересите на учениците.

- **Месец мај**
  - Одбележување на Денот на Европа, мулти-уметничка програма
  - Отворен ден на училиштето
    Цели на настанот – развивање таленти, едукација, социјализација, поддршка на интересите на учениците. Изразување на иновативноста и креативноста на учениците во повеќе области.

- **Број на ученици вклучени во настан**

  Бројот на учениците ангажирани за секој настан зависи од содржината и потребите на настанот.

- **Одговорни наставници**

Наставниците по Мајчин јазик и литература, странски јазици, Ликовна и Музичка уметност.

- **Колку често се одржуваат настани во училиштето**

Се одржуваат често и се поврзани со одбележување на значајни историски, културни и цивилизациски настани.

- **Очекувани резултати** – развој на социјални и креативни вештини, зголемена мотивација и вклученост на учениците.

10. Ученичко организирање и учество

Учениците имаат право на ученичко организирање на ниво на паралелка и и на ниво на училиште. За организирано остварување на интересите на учениците во средното училиште, учениците се организираат во заедница на паралелка и ученичкиот совет.

Ученички совет

Ученичкиот совет на училиштето е општествено-воспитна организација на учениците во рамките на училиштето, која се залага за почитување и целосно остварување на правата на учениците, кои во неа и преку неа ги усогласуваат своите интереси со интересите на општеството и во согласност со воспитно-образовниот процес создаваат услови за своја целосна информираност во јавноста, како и можност за соработка со други сродни организации. Сите ученици во училиштето го сочинуваат Ученичкиот совет. Планот за реализација на активностите на ученичкиот совет е прикажан во следната табела:

Активности	Цели	Носители	Време на реализација	Очекувани резултати
Организирање избори и формирање на преседателство на организацијата	Да се запознаат членовите на ученичкиот совет	Одговорни наставници ученици, педагог	Септември октомври	Распределба на активностите
Разгледување на програмата за работа	Да се запознаат членовите со програмата	Одговорни наставници ученици, педагог	Септември октомври	Усвојување и дополнување на програмата
Избор на претставници за учество на состаноци на стручни органи и училишни тимови во училиштето	Учество на состаноци	Претсавници на ученичкиот совет	Септември октомври	Учество во дискусиите и позитивни придонеси со сопствени идеи

Хуманитарни пријателски натревари со други училишта со цел собирање средства	Да се обезбеди помош за социјалните семејства	ученици Директор Одговорни наставници	Октомври	Потикнување на хуманоста кај учениците
Организација и подоготовки за училишна забава	Заедничко дружење и забава	Ученици одговорни наставници	Ноември	Дружење и забава
Одбележување на патрониот празник со активности, настани и натпревари	Одбележување на патрониот празник	Ученици одговорни наставници	Декември	
Организизација на Новогодишен базар, концерт и забава	Заедничко дружење и забава	Ученици одговорни наставници	Декември	Развивање на пријателство и другарство
Организација на едукативни работлиници	Проширување на сопствени те знаења од различни области	Ученици одговорни наставници	тековно	Едукативно надградување
Организација на еколошки активности	Чистење и разубавување на училишниот двор и околината	Ученици одговорни наставници	тековно	Уредување на просторот во кој престојуваме
Организација на културно научни ескурзии	Посета на институции и локалитети	Ученици одговорни наставници	тековно	Заедничко дружење
Изготвување на извештај за работата на ученичкиот совет	Да се забележат сите активности на заедницата	Ученици одговорни наставници педагог	Јуни	Запознавање на училиштето со работата на ученичкиот совет

Во средното училиште се избира и ученички правобранител, кој се грижи за заштита и унапредување на правата на учениците и ги застапува учениците пред стручните органи и консултативните тела на училиштето. Ученичкиот правобранител се избира со мандат од две години, односно додека има статус на редовен ученик.

Планот за реализација на активностите на ученичкиот правобранител е прикажан во следната табела:

Активности	**Време на реализација**	**Носители**	**Очекувани резултати**
Врснича работилница Запознавање на учениците со Конвенцијата за заштита на правото на детето	Октомври	Ученички правобранител	Информации за правата и постапката за заштита на правата на учениците за учениците од прва година
Одбележување на Денот на детето 20 ноември	Ноември	Ученички правобранител	Да се стекнат со сознанија за своите права и обврски
Работилница: Како да се спротивставиме на неправдата без конфликт?	Ноември	Ученички правобранител	Учениците да стекнат вештини на комуникација за разрешување на конфликтни ситуации

Извештај за работата на Ученичкиот правобранител	Декември	Ученички правобранител	Документирани податоци за реализираните активности на ученичкиот парламент
Работилница: Безбедно и фер училиште – дискриминација, булинг и дигитално насилство“	Март	Ученички правобранител Тим за поддршка	Како да создадеме средина во која сите се чувствуваат безбедно и прифатено
Дискусија: „Моите права и мојата одговорност – каде се границите?“	Мај	Ученички правобранител Тим за поддршка	Да се запознаат со општите начела: кое право е засегнато, кој е одговорен, кому може да се обратат и како ученичкиот правобранител може да помогне.
Извештај за работата на Ученичкиот правобранител Сумирање на сите реализирани активности	Јуни	Ученички правобранител	Документирани податоци за реализираните активности на ученичкиот правобранител

11. Вонучилишни активности

11.1. Ученички екскурзии

Екскурзиите се вонучилишна активност на учениците кои се организираат надвор од училиштето со цел проширување на знаењата на учениците од одделни воспитно-образовни подрачја и наставни предмети, како и постигнување на други воспитни, образовни и рекреативни цели. Училишните екскурзии може да бидат: - екскурзии поврзани со теми и содржини од наставните програми, - завршни екскурзии, - стручно-истражувачки екскурзииии - спортско-рекреативни екскурзии. （Екскурзиите поврзани со теми и содржини од наставните програми опфаќаат посета на театарска претстава, опера, балет, како и посети на музеи во Р.С. Македонија. Завршните екскурзии опфаќаат активности за запознавање на културни и естетски вредности во Р. С. Македонија или во друга држава. Стручно-истражувачки екскурзии опфаќаат активности за постигнување на интегрирани цели од повеќе наставни програми што се од интерес на секторот, проектните активности или содржини програмирани од училиштето. Спортско-рекреативните екскурзии опфаќаат: зимување, летување, зимски/летни едукативни активности, кампување и еднодневни излети кои се изведуваат надвор од училиштето за градење и остварување на спортска култура, развој на рекреативни навики, поттикнување на социјализацијата и промовирање на здрав начин на живот.)

Ред. бр.	Тим за изработка на програмата	Вид на вонучилишна активност	Година/ паралелка	Планиран термин	Одговорно лице
1.	Директор Илија Попов, Педагог Марија Стојановска, Психолог Анита Смилевска, Специјален едукатот и рехабилитатор Ленча Перчинковска, Класни раководители: Александра Стојановска, Зоран Јованов, Сашко Николовски, Петранка Стојанова, Благица Аризанова Шопов, Предметен наставник Жанет Ј.Сарагиновски	Научно истражувачка екскурзија	Прва година	Април,мај	Петранка Стојанова (раководител на екскурзија) Зоран Јованов (заменик раководител)

2.	Директор Илија Попов, Педагог Марија Стојановска, Психолог Анита Смилевска, Специјален едукатот и рехабилитатор Ленча Перчинковска, Класни раководители: Соња Трајчева, Весна Павлова, Тања Чипевска, Цветанка Карамаркова, Атанас Зафиров Предметен наставник Методија Костов	Научно истражувачка екскурзија	Втора година	Април ,мај	Цветанка Карамаркова (раководител на екскурзија) Весна Павлова (заменик раководител)
3.	Директор Илија Попов, Педагог Марија Стојановска, Психолог Анита Смилевска, Специјален едукатот и рехабилитатор Ленча Перчинковска, Класни раководители: Драгана Тевчева, Снежана Арсеновска, Христина Леова, Јулијана Стумбова Михова Предметен наставник Силвана Печкова	Научно истражувачка екскурзија	Трета година	Април ,мај	Драгана Тевчева (раководител на екскурзија) Христина Леова (заменик раководител)
4.	Директор Илија Попов Педагог Марија Стојановска Психолог Анита Смилевска Специјален едукатот и рехабилитатор Ленча Перчинковска Класни раководители: Александра Стојановска, Зоран Јованов, Сашко Николовски, Петранка Стојанова, Соња Трајчева, Весна Павлова, Тања Чипевска, Цветанка Карамаркова, Атанас Зафиров, Драгана Тевчева, Снежана Арсеновска, Христина Леова, Јулијана Стумбова Михова, Магдалена Сарагинова, Марјан Стојановски, Пале Трпкова, Билјана Миланова Линдита Маликова.	Стручно истражувачка екскурзија	Прва, втора, трета и четврта година	Во текот на второто полугодие	

11.2. Податоци за учениците вклучени во вонучилишни активности

Податоците за вклученоста на учениците во воннаставните активности ќе се систематизираат по започнување на учебната година. По формирање на клубовите ќе се спроведе анкета за учениците кои сакаат да се вклучат во истите. Постапката ќе се спроведе на транспарентен начин каде ќе се почитува индивидуалниот избор на секој ученик.

12. Натпревари за учениците

12.1. Учество на општински, регионални, државни, олимпијади и меѓународни натпревари

Натпреварите по одредени предмети се значаен и незаобиколен сегмент од образованието на учениците. Со учеството на учениците на натпревари се развива натпреварувачкиот дух и талентот, но истовремено се прошируваат нивните интереси за знаењата по одредени предмети. Учениците од нашето училиште ќе учествуваат на различни натпревари, организирани во повеќе нивоа: училишни, општински, регионални, државни, олимпијади и меѓународни. Учениците од нашето училиште ќе земаат учество на сите натпревари, како и на приредби, смотри, манифестации, конкурси и други организирани активности. Учениците ќе учествуваат на натпреварите по јазиците кои се изучуваат во училиштето-македонски јазик и литература, англиски, германски, рецитаторски, ораторски натпревар, натпревари по природните науки, економска олимпијада, музичка уметност, спортски натпревари, Спинокио, хакатони, натпревар за прва помош и заштита итн. Наставниците-ментори и учениците кои на натпреварите ќе постигнат добри резултати ќе бидат и соодветно наградени.

13. Унапредување на мултикултурализмот/интеркуртуларизмот и меѓуетничката интеграција

Нашето училиште е установа во која навистина има мултиетничка клима, во која учениците учат на настава на македонски јазик и на настава на албански јазик. Постојат разни активности кои се реализираат во склоп на наставните и воннаставните активности. Посебно се истакнува мултикултурализмот преку проектот МИО кој успешно се спроведува во нашето училиште. Секоја година аплицираме на конкурсите за гранд за унапредување на меѓуетничката интеграција во образованието од МОН и сме добитници на истите. Но секако реализираме и активности со партнер училиштето СУГС Гимназија „Зеф Љуш Марку“, Скопје . Планот за реализација на активностите за меѓуетничка интеграција во образованието е претставен во следнава табела:

Реден број	Вид на активноста	Носител на активноста	Потребни ресурси	Време на реализација	Очекувани резултати
1.	Мировен марш	Професор Цветанка Карамаркова сите ученици од училиштето и професорите членови на Меѓаши	Подготвени транспаренти	Септември	Меѓусебно почитување, другарување и унапредување на мултилултура-лизмот
2.	Самостојни мултикултурни активности	ученици од прва до четврта година со настава на македонски јазик и со настава на албански јазик	Просторија опремена со компјутер, смарт табла и интернет. Листови хартија, учебни, PowerPoint презентација	континуирано	Меѓусебно почитување, другарување и унапредување на мултилултура-лизмот
3.	Отворен спортски ден настан на кој ќе земат учество сите основни и средни училишта од општината, а ќе се	Општински Сојуз на Училишен Спорт, Општина Велес, Актив по спорт	Спортски реквизити	Септември	Меѓусебно почитување, другарување и унапредување на

	реализира на сите инфраструктурни спортски објекти во градот. Активот по спорт ќе биде одговорен за натпреварите				мултилултура-лизмот
4.	Европски ден на спортот во училиштата ЕССД	Федерација на Спортски Педагози на Македонија и Актив по спорт	Спортски реквизити	Септември	Меѓусебно почитување, другарување и унапредување на мултилултура-лизмот
5.	Мултикултурни работилници	Ученици од прва до четврта година наставници	Материјали за работа	континуирано	Меѓусебно почитување, другарување и унапредување на мултилултура-лизмот
6.	Координација за апликација на гранд	Координаторот и членивите на тимот	апликација	Ноември	Меѓусебно почитување, другарување и унапредување на мултилултура-лизмот
7.	Меѓукласни натпревари во спорт Во организација на активот по спорт и ученичкиот совет, планирање,организија и целосна реализација	Актив по спорт и ученички совет	Спртски реквизити	Ноември, декември, февруари	Меѓусебно почитување, другарување и унапредување на мултилултура-лизмот
8.	Онлајн работилници со партнер училиштето СУГС Гимназија „Зеф Љуш Марку“, Скопје	Настацвници, ученици, родители	Презентација ученички материјал Интернет Лап -топ, ЛЦД	тековно	Меѓусебно почитување, другарување
9.	Аплицирање за гранд за унапредување на меѓуетничката интеграција во образованието	Координаторот и членивите на тимот	апликација	Декември	Добиен гранд
10.	Изработка на извештај од реализираните активности	Координаторот и членивите на тимот	Извештаи, записници	Јуни	Извештај од реализирани-те активности

14. Проекти што се реализираат во средното училиште

14.1. Национални проекти

- Во склоп на проектот „Меѓуетничка интеграција на младите во образованието“ се настојува да се постигне подобрување на меѓуетничката комуникација и надминување на етничките, културолошките и јазичните препреки меѓу младите. За таа цел и оваа учебна година ќе планираме активности со кои ќе аплицираме за грант од МОН за реализација на активности кои придонесуваат за развој и унапредување на мултикултурализмот, меѓуетничката интеграција и толеранција. За реализација на активностите од проектот формиран е училишен тим за меѓуетничка интеграција во образованието.

14.2. Еразмус+ и други меѓународни проекти

- Поектот „Унапредување на наставата и раководење на образованието во 21 век“ во клучна акција 1, мобилност на наставен кадар, во рамки на програмата Еразмус,
- Проектот Social Day, во рамки на програмата Еразмус +;

14.3. Проекти од општествена одговорност и одржлив развој

- Програма за учење на англиски јазик ACCESS, финансирана од Амбасадата на САД во Скопје, а ја спроведува Македонскиот центар за граѓанско образование. Со програмата се опфатени 25 ученици од средните училишта во градот.
- Проект Мировно образование - проект организиран од Првата детска амбасада во светот Меѓаши со партнерската организација KURVE Wustrow од Германија. Проектот има за цел промовирајќи ги мирот и ненасилството како основни вредности во воспитно-образовниот систем да укаже на потребата од поинтензивно вградување на мировното образование во наставните курикулуми.
- “Коалиција за медиумска писменост“ - проект за запознавање на учениците со улогата и функцијата на медиумите во општеството.
- Проект „ Подобрување на квалитетот на образованието“- финансиран од ЕУ, има за цел да го подобри квалитетот на образовниот систем преку вложување во професионалниот развој на наставниците и стручните соработници за да се обезбеди сеопфатно, квалитетно и инклузивно образование.
- Проекти за меѓународна соработка во образованито во организација на Мировниот корпус.
- Проектот „Воспоставување национален систем за превенција од употреба на дроги во училиштата“, во организација на ХОПС – Опции за здрав живот Скопје,
- Проект „Промоција на безбедна училишна средина - поддржан од Детската фондација Песталоци во партнерство на Коалиција на младински организации СЕГА, Македонски центар за граѓанско образование, Прва детска амбасада во светот Меѓаши и Смарт- Ап лабораторија за социјални иновации.Проектот има за цел придонес кон остварување на правото на децата за квалитетно образование во безбедна и партиципативна училишна средина.
  Програмата е флексибилна и отворена кон сите идни понудени екстерни и интерни проекти.

15. Поддршка на учениците

15.1. Следење и анализа на ученичкиот успех

Со следењето, проверувањето и оценувањето на учениците се овозможува утврдување на степенот на остварениот напредок на учениците, информирање на учениците и родителите /старателите за постигнатите резултати, поттикнување на развојот на учениците и регистрирање на остварените резултати во воспитно-образовниот процес водејќи се од правилникот за оценување на постигањата на учениците во училиштето. Оценувањето на учениците е во согласност со стандардите и критериумите за оценување пропишани од Министерството за образование и наука и Биротот за развој на образованието. Успехот се следи преку активностите реализирани од ученикот, индивидуалните истражувања на одредена задача, изработката на домашна задача, работа на проекти, тестови, писмени задачи, вклученост во воннаставни активности. Анализа, статистичка обработка и евалуација на резултатите од постигнатиот успех на учениците се прави по класификациони периоди. Добиените резултати се сумираат во извештаи и се презентираат пред стручните тела во училиштето, родителите и преставниците од локалната самоуправа.

15.2. Промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупореба и запуштање, спречување дискриминација

Превентивните програми претставуваат систематски и организирани активности насочени кон рано препознавање и спречување на појавата на ризични однесување, насилство и злоупотреба на супстанци, дискриминација и други појави кои негативно влијаат врз развојот и благосостојбата на учениците. Превентивните програми се изработени од страна на Мултидисциплинарен тим на училиштето формиран од директорот.

Основната цел на програмите е да придонесат кон создавање на безбедна, инклузивна и поддржувачка училишна средина, во која се промовираат вредностите на почитување, толеранција, емпатија, одговорност и здрав начин на живот.

Главна цел на програмите е унапредување на безбедноста, психосоцијалната поддршка и општа благосостојба на учениците
Посебни цели се
-воспоставување на ефикасен систем за превенција и заштита (превенција и рано препознавање на насилство, злоупотреба, запуштање и дискриминација во училиштата)
-развивање на позитивна и безбедна училишна средина (поттикнување, почитување на човековите права, прифаќање на различностите и меѓусебна толеранција)
-унапредување на емоционалната писменост и социјалните вештини(зајакнување на самопочитта, емпатијата и личната одговорност на учениците),
-промоццијa на здрави животни стилови(намалување на ризикот од употреба и злоупотреба на алхохол, тутун дроги и други психотропни суптанции),
-спречување на ризично и деликвентно однесување(контролирање на учество во игра на среќа, криминални активности и други форми на на малолетничка деликвенција),
јакнење на улогата на училиштето како заштитен фактор (поддршка на развојот и безбедноста на младите во училишната заедница),
-поттикнување активно учество на учениците (вклучување во креирање и реализација на активности за безбедна инклузивна и поддржувачка средина),

-развивање соработка со родителите и локаната заедница (заедничко делување со релевантни институции и организацвии во насока на превенција и заштита).

Очекувани резултати и придобивки

Со примена на превентивните програми, училиштето ја зајакнува својата воспитно-образовна и заштитна улога обезбедувајќи:

-создавање на услови за целосен психофизички, социјален и емоционален развој на учениците,

-поттикнување на одговорно, емпатично и толерантно однесување;

-вклучување и активно учество на учениците во создавање и одржување на позитивна и безбедна училишна заедница;

-унапредување на соработката и комуникацијата помеѓу учениците, наставниците и родителите.

Програмите за заштита и превенција се креирани согласно потребите утврдени од СОУ„ Гимназија Кочо Рацин“, Велес . Содржините на програмите се прилагодени на возраста на учениците опфаќаат три основни области кои меѓусебно се поврзани и придонесуваат кон создавање безбедна, инклузивна и поддржувачка училишна средина. Секоја програма има за цел да обезбеди системски пристап кон рано препознавање, превенција и интервенција во ситуации на ризик како и да придонесе кон личен, социјален и емоционален развој на учениците.

Областите ги опфаќаат следните програми.

- програма за заштита од насилство, злоупотреба и запуштање на учениците;
- програма за спречување на дискриминација;
- програма за превенција од употреба на алкохол, пушење, учество во игри на среќа, злоупотреба на дроги и други психотропни супстанции и малолетничка деликвенција во средните училишта. Програмите со планираните активности се дел од прилозите на годишната програма на училиштето.

16. Оценување

16.1. Видови оценување

Во училиштето се спроведува интерното оценување односно формативно и сумативно оценување на постигнувањата на учениците. Оценувањето се одвива континуирано во текот на целата учебна година, со анализа на состојбите во четири класификациони периоди. Постигањата на учениците во училиштето се оценуваат бројчано со оценки од (1) до (5). По предметите за писмено оценување наставниците прават план имајќи ги предвид законските ограничување. Оценувањето на учениците се врши според критериуми и стандарди утврдени од Министерството за образование и наука и Бирото за развој на образованието. Критериумите за оценување на постигањата на учениците се темелат на стандардите за оценување и Блумовата таксономија. Постигањата на учениците се презентираат пред родителите индивидуално или на родителски средби. Комисиите за повторна проверка на знаењето на учениците, како и на испитната комисија за класен испит, поправен испит, испит за побрзо напредување, вонредни испити се формираат во текот на учебната година во зависност од потребите. Истите се истакнуваат навремено на огласна табла во училиштето и се информираат членовите на комисиите.

16.2. Тим на следење, анализа и поддршка

Стандардите се базирани на принципи за квалитетно и фер оценување што се составен дел на Стандардите. Тимот за следење, анализа и поддршка во оценувањето е составен од директорот, помошник директор, стручните соработници, претседателите на стручните активи со конкретни задолженија, операционализиран план за следење на оценувањето (квартално-по класификациони периоди и на крајот на учебната година) за кои соодветно се изработуваат извештаи и се согледува напредокот на наставниците и на учениците. Во секој класификационен период се одржуваат родителски средби на кои класниот раководител ги известува родителите за постигнатите резултати на учениците. Родителите добиваат редовни информации во усна или писмена форма. Следењето се изведува индивидуално, групно и колективно во зависност од следената педагошка појава. Се врши по пат на соодветни инструменти и техники со што се прибираат податоци, а потоа истите се евидентираат и обработуваат.

16.3. Стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно-образовниот кадар

Во годишните програми директорот, помошник директор и стручните соработници имаат изработно и план и програма за стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно образовниот кадар. Стручните посети ќе се реализираат по еднаш во секој класификационен период. При посетата се користат инструменти за следење на час со дефинирани критериуми а по посетите се спроведуваат советодавни разговори со наставниот кадар, се прави анализа и се израбоуваат соодветни извештаи. Планот и програмата за работата на директорот, помошник директорот и стручните соработници се приложени во прилозите на годишната програма.

16.4. Самоевалуација на училиштето

Самоевалуацијата на училиштето претставува важен стратешки документ за реализација на главните правци во подобрување и унапредување на квалитетот за образовно-воспитната работа.
Значаен сегмент за дијагностицирање на конкретните состојби претставуваат индикаторите за мерење на квалитетот на работата во училиштето. Нивната цел и намена е да овозможат прецизен увид во работата на училиштето и да ни дадат препораки за подобрување. Потребните активности училиштето ги започна со формирање на училишна комисија, работни групи и тимови кои ќе ги идентификуваат добрите и слабите страни по подрачјата.
Училишната комисија за Самоевалуација е составена од следните членови :директор Илија Попов, помошник директор Марјан Стојановски, психолог Анита Смилевска, педагог Марија Стојановска, специјален едукатор и рехабилитатор Ленче Перчинковска и претставник од родителите кој ќе се избере на првиот состанок на советот на родители.

Планот за спроведување на самоевалуацијата е претставен во следната табела.

Области на евалуација	Стандарди/ индикатори	Методи и инструменти	Временска рамка	Одговорни членови од комисијата	Забелешки
Планирање и организирање на наставата	*Стандарди 1.1, 1.2 1.3*	*Анкети, записници од состаноци, извештаи*	*Тековно во учебната година*	*Одговорните наставници по области и стручни соработници*	*Фокус на усогласеност со наставни планови*
Постигања на учениците	*Стандарди 2.1, 2.2 2.3*	*Анкети, записници од состаноци, извештаи, статистички анализи*	*По класификациони периоди*	*Стручни соработници*	*Фокус на усогласеност стандардире за оценување*
Учење и настава	*Стандарди 3.1, 3.2, 3.3, 3.4, 3.5, 3.6*	*Анкети, планирања, записници од состаноци*	*Тековно*	*Одговорните наставници по области и стручни соработници*	*Фокус на усогласеност со планирањата и плановите за работа на тимовите во училиштето , интерните кодекси*
Поддршка на учениците	*Стандарди 4.1, 4.2, 4.3, 4.4*	*Анкети, записници, извештаи*	*Тековно*	*Одговорните наставници по области и стручни соработници*	*Фокус на усогласеност со интерни кодекси пеограми за работа*
Училишна клима	*Стандарди 5.1, 5.2, 5.3, 5.4*	*Анкети, кодекси на однесување, евиденција од изречени педагошки мерки, извештаи*	*Тековно*	*Одговорните наставници по области и стручни соработници*	*Фокус на усогласеност со статутот на училиштето, куќниот ред*
Ресурси	*Стандарди 6.1, 6.2, 6.3, 6.4, 6.5*	*Разговори, записници, извештаи*	*Тековно*	*Одговорните наставници по области и стручни соработници*	*Фокус на усогласеност со годишна програма и извештај, развојна програма, финансиски план*
Управување, раководење и креирање политика	*Стандарди 7.1, 7.2, 7.3*	*Анкети, записници*	*Тековно*	*Одговорните наставници по области и стручни соработници*	*Фокус на усогласеност со годишната програма, извештаи, деловници за работа на стручните тела*

17. Безбедност во училиштето

Сите субјекти вклучени во воспитно-образовниот процес треба во училиштето да се чувствуваат безбедно и сигурно за да можат успешно да ја извршуваат својата работа. Врз основа на тоа во училиштето се планираат активности кои тековно се реализираат во училиштето и истите се претставени во следната табела

Активност/Мерка	Целна група	Временска рамка	Одговорни лица / Соработници	Начин на спроведување	Забелешки
Обука за прва помош	Ученици од III и IV година	Октомври/Ноември	Елизабета Николовска во соработка со Црвен крст - Велес	Теоретски и практичен дел	Да се подготват учениците за давање на прва помош
Обука за прва помош за вработени	Вработени во училиштето	Октомври/Ноември	Елизабета Николовска – Зоран Јованов/ Црвен Крст - Веелс	Теоретски и практичен дел	Сертификати
Крводарителски акции	Ученици од III и IV година	Октомври / Март	Зоран Јованов/ Црвен Крст - Велес	Теортетски и практичен дел	Зголемена хуманост кај учениците
Обука за превенција, заштита и спасување од елементарни и други несреќи	Вработени во училиштето и ученици	Септември/Јануари (во договор со директорот на училиштето)	Директор, стручна служба, секретар, Мартин Димов/ Црвен Крст , СВР Велес, ТППЕ Велес	Теортетски и практичен дел	Преку редовни обуки да се научи начинот на превенција, заштита и спасување од елементарни и други несреќи
План за евакуација	Вработени во училиштето и учениците	Планот е јавно објавен на видно место и јасно означен во училиштето (во договор со директорот на училиштето)	Директор, стручна служба, секретар, Мартин Димов/ Црвен Крст, СВР Велес, ТППЕ Велес	Теоретски и практичен дел	Запознавање и примена на планот со евакуација
Показни вежби (елементарни непогоди и други несреќи)	Вработени во училиштето и учениците	Септември/ Јануари (во договор со директорот на училиштето)	Директор, стручна служба, секретар, Мартин Димов/ Црвен Крст , СВР Велес , ТППЕ Велес	Теортетски и практичен дел	Преку редовни вежби да се повтори начинот на превенција, заштита и спасување од елементарни и други несреќи
Посебни мерки за заштита на ученици со попреченост, со обезбедување асистенција и безбеден пристап во итни ситуации.)	Ученици и вработени со попреченост	Во текот на целата учебна година	Целиот наставен кадар и останатите вработени	Училиштето има обезбедено пристапен лифт како и пристапни рампи за лица со хендикеп, односно со попреченост	Да се олесни секојдневното функционирање на лицата со попреченост во училиштето

18. Грижа за здравјето

Цел на училишната програма за унапредување на здравјето е формирање на психички, социјално и физички здрава личност, способна да се грижи за своето здравје и здравјето на другите во околината. Целокупната училишна програма за грижа на здравјето има генерална цел унапредување на емоционалното и физичкото здравје на учениците, стимулирање на креативниот и интелектуалниот напредок на индивидуата како и превенција од зависности.
Училишната програма за грижа на здравјето на учениците опфаќа реализација на програма за вакцинација на учениците, систематски прегледи и грижа за личната хигиена и одржување на хигиената во училиштето.

18.1. Хигиена во училиштето

Хигиената во училиштето е на високо ниво и за тоа се задолжени и одговорни техничкиот персонал. Училиштето во соработка со родителите ќе водат грижа за развивање на навики кај учениците за правилно одржување на личната и колективната хигиена. По потреба училиштето ќе соработува со службите за дезинфекција, дезинсекција и дератизација. Во текот на учебната година наставниците и училиштето реализираат еколошки и работни акции за чистење на училишниот двор и училишниот простор. Редовно ќе се чистат училишните простории и училишниот двор, а ќе се организираат и акции во кои ќе бидат вклучени и учениците со цел подигнување на свеста кај учениците за грижа за себе и околината.

18.2. Систематски прегледи

Систематските прегледи како и секоја година и оваа учебна година ќе бидат задолжителни за сите ученици од прва и четврта година. За нивна реализација се изработува посебен распоред во согласност со програмата за превентивна заштита и систематските прегледи на учениците изработена од школска превентива Здравен дом, Велес, без да се нарушува редовната настава. Во текот на реализацијата на систематските прегледи како одговорни лица се класните раководители на учениците. Систематските прегледи оваа година ќе бидат реализирани, претпладне во деновите кога во училиштето наставата се изведува на втора смена.

18.3. Вакцинирање

Во текот на оваа учебна година ќе бидат вакцинирани и опфатени оние ученици согласно календарот за имунизација и вакцинација на Министерството за здравство. За нивна реализација се изработува посебен распоред во согласност со програмата за превентивна заштита и систематските прегледи на учениците изработена од школска превентива Здравен дом, Велес, без да се нарушува редовната настава. Во текот на реализацијата на вакцинацијата како одговорни лица се класните раководители на учениците и по потреба родителите.

19. Училишна клима

19.1. Дисциплина

За секој човек да биде успешен во остварување на своите цели важно е да биде дисциплиниран и истраен во своите намери. Една од основните задачи во секоја воспитно-образовна институција е секако дисциплината на сите вклучени фактори. Така и нашето училиште изнаоѓа многубројни начини за подобрување на училишната дисциплина на учениците, наставниците и останатите вработени.
На почетокот на учебната година класните раководители ќе ги запознаат учениците со правилата и должностите на однесувањето. Училиштето има подготвено Куќен ред и Кодекс на однесување за учениците и вработените и истите се поставени на видно место во училиштето. Наставниците се задолжени и за дисциплината на учениците за време на одморите. На почетокот на учебната година се изработува и распоред за дежурни наставници. Училиштето има видео надзор и поставено лице од агенција за обезбедување по барање и согласност на родителите.

19.2. Естетско и функционално уредување на просторот во училиштето

Сите вработени во училиштето како и учениците се задолжени да допринесуваат за уредувањето на истото, се со цел негова подобра функционалност и удобност. Наставниците и учениците допринесуваат за естетското и функционалното уредување на училиштето со свои изработки, проекти и презентации и секако со континуирано поттикнување на учениците за истото. Во училиштето се организираат разновидни настани за кои е потребно и посебно уредување. Изработките се поставуваат во училиштето но се претставуваат и на настани, манифестации и изложби органзирани од локалната самоуправа и од други институции.

19.3. Етички кодекси

Училиштето има изработено етички кодекси за сите субјекти во училиштето и истите се поставени на видно место во училиштето. Етичките кодекси претставуваат збир на принципи, правила и вредности кои го насочуваат однесувањето на сите учесници во воспитно-образовниот процес. Основна цел на етичките кодекси е создавање безбедна, позитивна, инклузивна и демократска училишна средина во која се почитуваат достоинството, правата и различностите на секој поединец. Кодексите придонесуваат кон развивање култура на меѓусебно почитување, одговорност, толеранција, чесност и професионално однесување.

Во училиштето посебно внимание се посветува на почитување на личноста и достоинството на учениците и вработените, еднаков третман и недискриминација, почитување на различностите, одговорно однесување, ненасилна комуникација и спречување на сите форми на насилство, вознемирување, навредување и говор на омраза.

Етичките кодекси имаат превентивна и воспитна улога. Тие им помагаат на учениците да ги разберат своите права и обврски, да развиваат чувство на одговорност кон себе, кон другите и кон училиштето и да стекнуваат вештини за мирно решавање на конфликти. Кај вработените, кодексите придонесуваат кон професионално, одговорно, непристрасно и етичко постапување.

Училиштето континуирано ги запознава учениците, вработените и родителите со содржината и значењето на етичките правила преку часови на класната заедница, работилници, предавања, состаноци и други форми на воспитно-образовна работа. Почитувањето на етичките принципи треба да биде заедничка одговорност на сите членови на училишната заедница и да придонесува кон создавање училишна клима заснована на доверба, почитување, соработка, правичност и еднакви можности за сите ученици. Создадена позитивна и етичка училишна клима, зголемена свест за правата и обврските, подобрена меѓусебна комуникација и намалување на несоодветното и неприфатливото однесување во училиштето.

19.4. Односи меѓу сите структури во училиштето

Училиштето ќе посвети посебно внимание на развивањето и унапредувањето на добрите меѓусебни односи меѓу сите структури: директорот, помошник директорот, наставниците, стручната служба, административниот и техничкиот персонал, учениците и родителите. Ќе се поттикнува отворена и навремена комуникација, меѓусебно почитување, соработка и тимска работа.

Во текот на учебната година ќе се реализираат активности насочени кон подобрување на комуникацијата и создавање позитивна работна и училишна атмосфера. Преку состаноци, работилници, тимски активности, заеднички проекти и размена на искуства ќе се овозможи поголема соработка и меѓусебно разбирање. Посебно внимание ќе се посвети на навремено препознавање и конструктивно решавање на недоразбирањата и конфликтите.

Целта е да се создаде училишна средина во која сите учесници ќе се чувствуваат почитувани, прифатени и мотивирани за активно учество во животот и работата на училиштето.

20. Професионален развој на воспитно-образовниот кадар

20.1. Детектирање на потребите и приоритетите

Концептот, односно мотото под кое нашиот кадар се води е „Учењето е доживотен процес“. Во тој контекст нашиот образовен кадар редовно ги следи новините кои се однесуваат во воспитно-образовниот процес и зема активно учество. Потребите за професионален развој се детектираат за време на наставничките состаноци, стручните активи, стручниот увид од посетата на часови, како и во неформални средби. Училиштето како целина постојано следи и прави проценки на сработеното како и на тоа што треба да се сработи во иднина за да се подобри неговото целосно функционирање. Па така, согласно спроведената самоевалуација детектирано е дека целокупниот образовен кадар треба континуирано да продолжи да се надоградува и да ги проширува своите граници на знаење од својата област. Тоа значи дека наставниците и стручната служба ќе посетуваат што е можно повеќе семинари, вебинари и обуки и сето тоа само со една иста цел - професионален развој на образовниот кадар во училиштето.

20.2. Активности за професионален развој

Професионалниот развој подразбира секојдневно професионално и лично растење на поединецот, процес кој подразбира здобивање со нови знаења, вештини, способности и стратегии во соодветните области и оспособување за примена на новостекнатите знаења. Училиштето ќе организира најразлични работилници, обуки, вебинари, семинари и дисеминации кои ќе понудат активности со цел сртучно усовршување на наставниците и стручната служба.
Притоа за таа цел е изготвен и акционен план, се спроведува дисеминација од претходно проследени семинари или обуки, се поднесуваат извештаи, а исто така се врши и евалуација од којашто подоцна произлегуваат потребите и приоритетите за понатамошни активности за стручно усовршување и професионален развој.
Тука значаен дел земаат советувањата и стручните подготовки од страна на Бирото за развој на образованието, Министерството за образование и наука како и други стручни институции од областа на воспитно-образовниот кадар. Покрај нив, активно ќе учествуваме и на сите семинари, вебинари и едукативни работилници организирани од невладини организации и акредитирани провајдери.

20.3. Личен професионален развој

Личниот професионален развој подразбира самостојно и независно учење и професионално надоградување на поединецот. Училиштето изготвува акциски план со планирани активности. Се планираат различни видови на организирање и пренесување на знаења или размена на професионално искуство, преку организирање на отворени часови и работилници во текот на целата учебна година. Во текот на наставната година се реализираат посети и анализи на наставни часови кај секој наставник. По посетата на часот наставникот се консултира со тимот кој го посетил (директор, помошник директор, стручни соработници, наставници од истиот стручен актив) за силните и слабите страни од часот со насоки за надминување на пропустите и унапредување на професионалниот развој.

Секој наставник индивидуално и колективно стручно се усовршува. Индивидуално преку следење на стручна литература и колективно преку учество на семинари и обуки. Секој наставник на почетокот на учебната година изработува акциски план за својот личен професионален развој и истиот го доставува до директорот или стручната служба. За неговиот професионален развој се води портфолио.

20.4. Хоризонтално учење

Професионалниот развој на наставниот кадар, каде спаѓаат планирање и организирање на разни обуки, семинари, работилници, дисеминации и слично со цел надградба, унапредување на наставниците и запознавање со нови методи и нов пристап на работа за издигнување на наставата во училницата на повисоко ниво, е познато како хоризонтално учење, со кое наставникот напредува во професијата, напредува како стручно лице. Но, тој напредок на наставникот не му носи унапредување, односно повисока позиција, туку само професионален напредок и поголем успех во реализација на наставниот процес.
Во нашето училиште стручните активи редовно одржуваат состаноци на кои дискутираат и разменуваат искуства и мислења.
Исто така посетуваат и меѓусебно нагледни часови.

Во следната табела се приложени активностите на стручните активи.

Активност	Носител	Време на реализација	Очекуван исход	Следење/Критериуми
Посета на час	*1.Снежана Арсеновска 2.Марија Гајдова*	*Октомври*	*- споделување добри практики меѓу наставниците*	*Фотографии+краток извештај*
Отворен час по физичко образование и спорт	*Зоран Јованов*	*Октомври и април*	*Зголемување на свеста за потребата од рекреативниот спорт и здравата исхрана*	*Образец за набљудување, рефлексија, повратна информација*
Посета на час	*Драгана Тевчева Силвана Печкова*	*Октомври*	*- споделување добри практики меѓу наставниците*	*Фотографии+краток извештај*
Изработка и размена на заеднички рубрики, тестови и инструменти за оценување	*Сите нанаставници од сродни предмети*	*Октомври/ Ноември*	*Подобрување на квалитетот и унифицирање на инструментите*	*Број и квалитет на споделени инструменти*
Меѓусебни посети на часови – колегијално набљудување	*Сите наставници*	*Октомври 2026 до мај 2027*	*Подобрување на наставната практика преку учење од колеги*	*Образец за набљудување, рефлексија, повратна информација*
Соработка со Скопско астрономско друштво	*Сите наставници од активот*	*Ноември*	*1.да стекнат основни знаења за ориентација и снаоѓање на ѕвездено небо Да научат правилно да користат телескоп Да набљудуваат небесни тела*	*Фотографии+краток извештај*
Низа на Фибоначи	*Снежана Арсеновска Марија Гајдова Гордана Саздова*	*Ноември*	*– да се развива математичко и логичко размислување – согледувња на поврзаноста на низата со појави и обрасци во природата*	*Фотографии+краток извештај*
Отворен час бр. 1 (употреба на друштвени игри на плоча во наставата по општествените науки)	*Бошко Караџов*	*Ноември*	*Презентација и споделување иновативни методи на работа*	*Подготвена подготовка; присуство на колеги; евалуација*
Отворен час бр. 4 (современи методи во наставата по историја)	*Сашко Николов*	*ноември*	*Презентација и споделување иновативни методи на работа*	*Подготвена подготовка; присуство на колеги; евалуација*

Отворен час бр. 2 (употреба на документарен филм и кино дебата во наставата по филозофија)	*Бошко Карацов*	*Декември*	*Презентација и споделување иновативни методи на работа*	*Подготвена подготовка; присуство на колеги; евалуација*
Гостин – предавач од УЈП за даночна писменост	*Тања Чипевска*	*декември*	*Едукација за фискална писменост и социјална одговорност* *Поврзување на наставните содржини и развивање интердисциплинарност*	*Извештај и рефлексија*
Споделување добри наставни практики	*Сите членови на Активот*	*Еднаш месечно*	*Размена на успешни методи, техники и наставни материјали*	*Записник, презнтирани практики, примена од други наставници и сл.*
Посета на нуклеарна централа ,,Козлодуј”	*Сите наставници од активот*	*Април*	*Поврзување на теоретското знаење со практика* *Проширување на знаењата* *Запознавање со мерките за безбедност*	*Фотографии+краток извештај*
Посета на сеизмолошка опсерваторија Скопје	*Сите наставници од активот*	*Февруари*	*Практична активност за учениците* *Запознавање со сеизмолошките инструменти*	*Фотографии+краток извештај*
Отворен час бр. 3 (употреба стрип во наставата по филозофија)	*Бошко Карацов*	*февруари*	*Презентација и споделување иновативни методи на работа*	*Подготвена подготовка; присуство на колеги; евалуација*
Денот на бројот π	*1.Снежана Арсеновска* *2.Марија Гајдова* *3.Гордана Саздова*	*Март*	*-препознавање и објаснување на заначењето на бројот π* *–поврзување на бројот π со кружницата и кругот* *– развивање на логичко и математичко размислување*	*Фотографии+краток извештај*
Гостин – предавач од областа на правото	*Пале Трпкова*	*март*	*Поврзување на наставните содржини и развивање интердисциплинарност*	*Извештај и рефлексија*
Гостин – предавач од областа на применетите уметности	*Јулијана Минова*	*април*	*Поврзување на наставните содржини и развивање интердисциплинарност*	*Извештај и рефлексија*
Проект – Гимазиски алумни (гостувања на поранешни успешни ученици на Гимназијата)	*Бошко Карацов во соработка со наставниците кариерни советноци*	*Април мај*	*Поддршка за ученоиците и помош при професионалноито профилирање и кариернои насочување*	*Извештај и рефлекдија*

Посета на час	*Гордана Саздова*	*Мај*	*- споделување добри практики меѓу наставниците*	*Фотографии+краток извештај*
Гостин – предавач од областа на музилчката уметност	*Атанас зафиров*	*мај*	*Поврзување на наставните содржини и развивање интердисциплинарност*	*Иззвештај и рефлексија*
Посета на час	*Петранка Стојановска*	*Мај*	*- споделување добри практики меѓу наставниците*	*Фотографии+краток извештај*
Мини-обуки меѓу наставници („peer learning“)	*Наставници со специфични знаења/вештини*	*Во текот на годината*	*Развивање професионални компетенции преку хоризонтално учење*	*Евиденција; материјали; број на учесници*
AI во настава	*Заинтересирани наставници*	*Во текот на годината*	*Подобрена дигитална и AI писменост кај наставниците и учениците и AI*	*Примери на наставни материјали; дискусија; евалуација*

20.5. Кариерен развој на воспитно-образовниот кадар

Професионалниот развој не се однесува само на акумулација на нови знаења, туку и нивна примена во практиката и подготвеност да се внесат нови начини на работа, во односот кон учениците, наставниците и родителите, како и во начинот на комуникација кој се практикува во училиштето. Тој воедно води и кон кариерно напредување на воспитно-образовниот процес.

Гордост е на секое училиште во своите редови да има наставници кои вистински ја покажуваат својата професионалност и заслужуваат да напредуваат. Така во периодот на претходната учебна година на објавениот конкурс од МОН за напредување на кариерниот развој на наставник во наставник ментор од нашето училиште аплицираа наставници кои целосно добија поддршка, а еден од нив се здоби и со звање наставник ментор. Училиштето и оваа учебна година ќе изработи план на поддршка за кариерниот развој на воспитно образовниот кадар во согласност со правилникот и станардите кои треба да ги исполни еден професионален наставник и ќе даде целосна подршка за негово напредување.

21. Соработка на училиштето со родителите/старателите

21.1. Вклученост на родителите/старателите во животот и работата на училиштето

Вклучувањето на семејството во повеќе аспекти од животот и работата на училиштето претставува една од основните цели на училиштето. Ефикасната соработка детерминира постоење на односи на взаемно почитување помеѓу наставниците и родителите. Соработката со родителите се планира заедно со нив, зависно од можностите и интересите на самите родители и потребите на воспитно - образовниот процес. За постигнување на подобри резултати потребно е да постои и поголема соработка помеѓу повеќе субјекти. Во рамките на секое училиште пак и во нашето големо значење имаат и родителите. Затоа постои и Советот на родители кој своите дејности ги реализира според претходно планирана програма во кои се застапени мислењата и ставовите на родителите за промена или иновација во училишниот систем и наставата. Програмата за Советот на родители и распоредот за прием на родителите/ старателите се приложени во прилозите на годишната програма.

21.2. Вклученост на родителите/старателите во процесот на учење и воннаставните активности

Советот на родители се вклучени во планирањето на процесот на учење така што тие даваат мислења и сугестии за дополнување и измена на некое планирање, постојано се информирани за наставниот процес и за успехот на учениците од страна на училишниот одбор, директорот, наставниот кадар, стручната служба преку електронскиот дневник, онлајн комуникација итн. Како и во изминатите години така и во оваа учебна година родителите ќе се вклучат во активностите кои се реализираат во училиштето и во наставните и воннаставните активности. Учесници се на состаноци на ниво на стручните тела во училиштето, учествуваат на приредби, манифестации, во работилници организирани од училиштето и на многу други настани.

21.3. Едукација на родителите/старателите

Училиштето ќе организира различни форми на едукација и поддршка на родителите/старателите со цел подобрување на нивната информираност и вклученост во воспитно-образовниот процес. Преку работилници, советувања, родителски средби и интерактивни активности ќе се обработуваат теми поврзани со учењето, развојот, однесувањето и благосостојбата на учениците. Посебно внимание ќе се посвети на јакнење на соработката помеѓу училиштето и семејството и создавање партнерски однос во интерес на учениците. Училиштето изработува информативни брошури во кои се наведени информации за плановите на училиштето во учебната година, реализација на наставата и воннаставните активности.

22. Комуникација со јавноста и промоција на средното училиште

Училиштето посветува внимание на континуирана, навремена и транспарентна комуникација со јавноста, со цел да се информираат учениците, родителите, вработените и поширокатa заедница за активностите, постигнувањата и можностите што ги нуди училиштето.

Промоцијата на училиштето ќе се реализира преку презентирање на успешните резултати на учениците и наставниците, учество во различни настани, проекти и активности, како и преку веб-страницата и социјалните мрежи на училиштето. Посебно внимание ќе се посвети на позитивниот имиџ на училиштето, неговата отвореност кон другите средни и основни училишта, локалната заедница, со институции од култура, образование, спорт и здравство соработка со невладини организации, комуникација со медиуми и воспоставувањето добра соработка со родителите и релевантните институции. Целта е да се зголеми информираноста и довербата во училиштето, да се промовираат неговите вредности и постигања и да се поттикне поголема вклученост на сите чинители во воспитно-образовниот процес.

23. Следење на имплементацијата на годишната програма за работа на средното училиште

Тип на училиште	Приоритетни подрачја за следење	Метод за следење	Одговорен тим	Периодичност	Алатки за следење	Очекувани резултати	Кој треба да биде информиран за следењето
Гимназиско	Реализација на наставната програма	Увид во реализацијата, анализа на извештаи и разговор со наставници	Тим за следење на наставата / стручна служба	Континуирано, месечно и по класификациони периоди	Годишни и тематски планови, дневници, извештаи	Навремена и целосна реализација на наставата	Директор, наставници, Наставнички совет
Гимназиско	Квалитет на наставниот процес	Посети на часови, набљудување и анализа	Директор, стручна служба, тим за квалитет	Најмалку еднаш во полугодие	Протоколи, чек-листи, инструменти за набљудување	Подобрување на методите и квалитетот на наставата	Наставници, директор, Наставнички совет
Гимназиско	Постигнувања на учениците	Анализа на оценки, тестови, резултати и напредок	Стручна служба, предметни наставници	Класификациони периоди	Евиденција на оценки, тестови, анализи	Подобрување на постигањата и навремена поддршка на учениците	Ученици, родители, наставници, директор

Гимназиско	Поддршка на ученици со потешкотии во учењето	Следење на индивидуалниот напредок и консултации	Инклузивен тим, стручна служба, наставници	Континуирано	Индивидуални планови, досиеја, белешки, извештаи	Подобрена вклученост и напредок на учениците	Родители, наставници, директор
Гимназиско	Превенција на насилство и безбедност на учениците	Следење на пријави, разговори и анализа на ситуации	Тим за заштита на ученици, стручна служба	Континуирано	Евиденција, протоколи, анкети	Безбедна и позитивна училишна средина	Директор, наставници, ученици, родители
Гимназиско	Редовност и дисциплина на учениците	Анализа на изостаноци и дисциплински мерки	Одделенски раководители, стручна служба	Месечно	Е-дневник, извештаи, евиденција	Намалување на неоправдани изостаноци и подобрување на дисциплината	Родители, директор, Наставнички совет
Гимназиско	Реализација на воннаставни активности	Следење на планирани и реализирани активности	Тим за воннаставни активности, наставници	Касификациони периди	Планови, извештаи, фотографии, евиденција на учесници	Поголема вклученост на учениците и развој на нивните способности	Ученици, родители, директор
Гимназиско	Професионален развој на наставниците	Следење на учества и примена на стекнати знаења	Тим за професионален развој, директор	Полугодишно и годишно	План за професионален развој, сертификати, извештаи	Континуиран професионален развој и подобрување на наставата	Наставници, директор, Наставнички совет
Гимназиско	Соработка со родители	Следење на присуство, средби и комуникација	Одделенски раководители, стручна служба	Континуирано	Записници, анкети, евиденција на средби	Подобрена комуникација и вклученост на родителите	Родители, директор, наставници
Гимназиско	Реализација на училишни проекти и активности	Следење на планот, роковите и резултатите	Координатори на проекти / проектни тимови	Според динамиката на проектите	Планови, извештаи, листи за следење	Навремена и успешна реализација на проектите	Директор, Наставнички совет, ученици, родители
Гимназиско	Материјално-технички услови и опрема	Увид и евидентирање на потребите	Комисија/тим за материјално-технички услови	Класификациони периоди	Записници, листи на опрема, извештаи	Подобрени услови за работа и учење	Директор, училишен одбор
Гимназиско	Реализација на планираните активности од Годишната програма	Квартална анализа на реализацијата	Тим за следење на Годишната програма	Класификациони периоди	Табела за реализација, извештаи, записници	Навремено идентификување на отстапувања и преземање корективни мерки	Директор, Наставнички совет, Учили

24. Евалуација на годишната програма за работа на средното училиште

Евалуацијата на Годишната програма се реализира континуирано во текот на учебната година, преку собирање и анализа на податоци за реализираните активности и постигнатите резултати. Евалуацијата има за цел да се утврди степенот на реализација на планираните активности, нивната ефективност и влијанието врз квалитетот на воспитно-образовниот процес. Добиените резултати се користат за утврдување на силните страни, идентификување на потребите за подобрување и планирање на корективни мерки.

Приоритетни подрачја за евалуација	Метод за евалуација	Одговорен тим	Периодичност	Алатки за евалуација	Очекувани резултати	Кој треба да биде информиран за евалуацијата
Настава и учење – квалитет и реализација на наставниот процес	Анализа на реализацијата на наставните програми, увид во педагошката документација, анкети и разговори со наставници и ученици	Тим за ГП, директор, стручна служба	Секое полугодие и на крајот на учебната година	Извештаи, записници, анкети	Утврдена ефикасност на наставниот процес и идентификувани области за подобрување	Наставнички совет, Училишен одбор, Совет на родители
Постигнувања на учениците – успех, напредок и редовност	Анализа на успехот, изостаноците и напредокот на учениците, споредба на резултатите	Стручна служба, тим за ГП, класни раководители	Полугодишно и годишно	Евиденција на успех и изостаноци, извештаи, анализи	Подобрување на постигнувањата и навремено преземање мерки за поддршка	Наставнички совет, родители, Училишен одбор
Инклузивност и поддршка на учениците	Анализа на реализираните активности за поддршка, разговори, анкети и следење на напредокот	Тим за инклузија, стручна служба, наставници	На секое полугодие и по потреба	Индивидуални планови, извештаи, анкети, записници	Подобрена вклученост и обезбедена соодветна поддршка за учениците	Наставнички совет, родители, Училишен одбор
Училишна клима и безбедност – превенција од насилство, дискриминација и ризично однесување	Анкети, разговори, анализа на пријавени случаи и реализирани превентивни активности	Стручна служба, тим за заштита и превенција, директор	На секое полугодие и по потреба	Анкети, записници, извештаи, евиденции	Безбедна, инклузивна и позитивна училишна средина	Наставнички совет, Совет на родители, Училишен одбор

Професионален развој и поддршка на наставниците	Анализа на реализираните обуки и активности за професионален развој, анкети и самоевалуација	Директор, стручна служба, тим за професионален развој	На крајот на учебната година	Планови и извештаи од обуки, анкети, самоевалуација	Унапредени компетенции и примена на нови методи во наставата	Наставнички совет, Училишен одбор
Соработка со родители и локалната заедница	Анализа на учеството на родителите и реализираните активности со локалната заедница	Директор, стручна служба, класни раководители	Полугодишно и годишно	Записници, анкети, извештаи, евиденција на активности	Подобрена комуникација и поголема вклученост на родителите и заедницата	Наставнички совет, Совет на родители, Училишен одбор
Воннаставни активности и ученичко учество	Анализа на бројот и квалитетот на реализираните активности и учеството на учениците	Тим за ГП, наставници, стручна служба	Полугодишно и годишно	Извештаи, фотографии, евиденции, анкети	Зголемена активност и мотивација на учениците	Наставнички совет, родители, Училишен одбор
Комуникација со јавноста и промоција на училиштето	Анализа на реализираните активности за информирање и промоција на училиштето	Директор, тим за промоција и комуникација	Полугодишно и годишно	Извештаи, објави, веб-страница и социјални медиуми	Подобрена информираност и позитивна презентација на училиштето во јавноста	Наставнички совет, Училишен одбор, родители и локална заедница
Реализација на Годишната програма – степен на остварување на планираните активности	Сумирање и анализа на податоците од следењето, споредба на планирани и	Тим за ГП, директор, стручна служба	На крајот на секое полугодие и на крајот на учебната година	Табели за следење, извештаи, записници, анализи	Објективна проценка на степенот на реализација и утврдување на приоритети за подобрување	Наставнички совет, Училишен одбор, Совет на родители
Преземање корективни мерки и планирање на подобрувања	Анализа на резултатите од евалуацијата и дефинирање на мерки и активности за подобрување	Директор, тим за ГП, стручна служба и наставници	По спроведената евалуација	Евалуациски извештаи, записници, планови за подобрување	Навремено преземање корективни мерки и унапредување на работата на училиштето	Наставнички совет, Училишен одбор, Совет на родители

25. Заклучок

Годишната програма за работа на училиштето претставува основен документ преку кој се утврдуваат насоките, приоритетите, активностите и очекуваните резултати во работењето во текот на учебната година. Нејзината реализација е насочена кон унапредување на квалитетот на воспитно-образовниот процес, подобрување на постигнувањата на учениците, создавање безбедна и инклузивна училишна средина и обезбедување услови за професионален развој на наставниот кадар.

Успешната реализација на Годишната програма се темели на заедничка одговорност и активна вклученост на директорот, помошник директор, стручните соработници, кариерните советници, наставниците, учениците, родителите, Училишниот одбор и останатите чинители во училиштето. Континуираното следење на планираните активности овозможува навремено согледување на степенот на нивната реализација, идентификување на предизвиците и преземање соодветни мерки за нивно надминување.

Посебно значење има евалуацијата на реализираните активности, преку која училиштето добива објективна слика за постигнатите резултати и за областите во кои е потребно дополнително унапредување. Резултатите од следењето и евалуацијата ќе претставуваат основа за планирање на идните активности, утврдување на нови приоритети и подобрување на квалитетот на работата на училиштето.

Во текот на реализацијата на годишната програма ќе се настојува да се поттикнува активното учество на учениците, да се развива партнерскиот однос со родителите и да се унапредува соработката со локалната заедница. Особено внимание ќе се посветува на почитувањето на различностите, спречувањето на сите форми на насилство и дискриминација, развивањето на позитивна училишна клима и обезбедувањето еднакви можности за сите ученици.

На тој начин, реализацијата на Годишната програма ќе придонесе кон создавање современо, квалитетно, безбедно, инклузивно и поттикнувачко училиште во кое секој ученик ќе има можност да ги развива своите потенцијали и да постигнува успех.

26. Комисија за изработка на годишната програма за работа на средното училиште

Членови на комисијата:

1.Директор: Илија Попов;
2.Помошник директор: Марјан Стојановски;
3. Педагог: Марија Стојановска;
4. Психолог: Анита Смилевска;
5. Специјален едукатор и рехабилитатор Ленче Перчинковска;
6. Наставник: Весна Павлова;
7. Наставник: Петранка Стојанова;
8.Наставник: Бошко Караџов;
9. Наставник:Снежана Арсеновска;
10.Претставник од Ученички совет: Ања Трајковска.

27. Користена литература

1. Законот за средно образование (Службен весник на РСМ, бр.67/17... 229/20. 78/25, 132/25 и 250/25),
3. Правилникот за формата и содржината за изработка на годишната програма за работа на средното училиште со број:13-11882/1 од 4.09.2025 година Скопје;
4.Новата Концепција за гимназиско образование;
5. Наставните планови и програми за средното образование;
7. Концепција за воннаставни активности;
8. Водич за ученичко учествои ученичко организирање во средното образование;
9.Основните професионални компентенции на наставниците и стручните соработници;
10.Статут на училиштето;
11. Развојна програма за работа на училиштето за периодот 2026-2030 година;
12.Годишна програма за работа на училиштето од учебната 2025/2026 година;
13.Годишниот извештај за работа на училиштето од учебната 2025/2026 година;
14.Извештајот од самоевалуацијата;
15.Извештајот од интегрална евалуација;
16.Извештајот за финансиското работење на училиштето (користени записници од училишен одбор, наставнички совет.).

СОУ „Гимназија Кочо Рацин“ – Велес | Годишна програма 2026/2027

ПРИЛОЗИ НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА СРЕДНОТО УЧИЛИШТЕ

Во прилог на Годишната програма за работа на средното училиште се доставуваат годишните програми за работа на сите носители на активности, при што се прави прилагодување согласно типот на училиштето:

За СИТЕ ВИДОВИ НА СРЕДНИ УЧИЛИШТА:

- Годишна програма за работа на директорот
- Годишна програма за работа на помошник директорот (ако има)
- Годишни програми за работа на сите стручни соработници од училиштето
- Годишна програма за работа на:
- Училиштен одбор
- Совет на родители
- Наставнички совет
- Стручни активи
- Училишен инклузивен тим
- Тим за училишна интеграција
- Тим за кариерно советување
- Ученички совет
- Ученички правобранител
- Комисијата за подготовка и спроведување на матурата во средното училиште

Дополнително по ВИД НА ОБРАЗОВАНИЕ:

Гимназиско образование:

- Акцент на наставнички совети и стручни активи поврзани со општообразовни предмети.
- Клубови на интерес (дебата, новинарство, екологија и сл.)

М.П.

Датум:

26.08.2026 година

Директор,
Илија Попов

Претседател на училишниот одбор/
управниот одбор
Пале Трпкова
